# *УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ*

**HEXORAL®** (heksetidine), раствор за промивање на уста

Производител: Hemofarm A.D.
Адреса: Београдски пут б.б., 26300 Вршац, Република Србија



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

## УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството!**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.

| | |
|---|---|
| Заштитено име на лекот, фармацевтски облик и јачина: | HEXORAL® раствор за промивање на уста 0.1% |
| Незаштитено, генеричко име: | hexetidine |
| Состав: | 1 ml раствор содржи 1,0 mg хексетидин. |
| Ексципиенси: | алкохол 96%; полисорбат 80; лимунска киселина, безводна; сахарин-натриум; етерско масло од питомо нане; етерско масло од анис; левоментол; метил-салицилат; етерско масло од каранфилче; етерско масло од еукалиптус; боја: амарант (E123, C.I. 16185). |
| Носител на одобрението за ставање во промет: | ХЕМОФАРМ А.Д. ФАРМАЦЕВТСКО - ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ<br>ул. Иво Лола Рибар 39-1/1, Скопје, Р.Македонија |
| Производител: | Hemofarm A.D, ул.Београдски пут б.б, 26300 Вршац, Р.Србија |
| Место на производство: | Hemofarm Koncern Zorka Pharma A.D, ул. Хајдук Вељкова бб, Шабац, Р.Србија |



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА HEXORAL® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?

Hexoral® е орален антисептик и се употребува за лекување и спречување на појава на инфекции во усната празнина.

### СОСТАВ

1 ml раствор содржи 1,0 mg хексетидин.

### ПАКУВАЊЕ

Шише со 200 ml раствор.
Hexoral® е бистар раствор со црвена боја и карактеристичен мирис на етерични масла.

### КАКО ДЕЈСТВУВА ЛЕКОТ HEXORAL® ?

Лекот Hexoral® дејствува така што го успорува растот на бактериите. Исто така делотворен е и против габи, посебно на ***Candida albicans***. Со своето дејство го спречува крварењето и допринесува за побрзо зарастување на повредите на усната слузница.
Го освежува здивот и усната празнина.

### КОГА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ HEXORAL® ?

Лекот Hexoral® се користи за лекување на површински инфекции на усната празнина и грлото, при мали повреди на слузницата и крварење од гингивите, како и при непријатен мирис од устата. Со цел за превенција од инфекции, може да се користи пред и после изведување на стоматолошки и хируршки интервенции во усната празнина.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ HEXORAL®?

*Предупредете го Вашиот лекар ако земате други лекови, имате хронична болест, или сте имале алергична реакција на некои лекови.*

### КОГА НЕ СМЕЕТЕ ДА ГО ЗЕМАТЕ ЛЕКОТ HEXORAL®

Hexoral® не смеете да го земате доколку имате алергија (преосетливост) на хексетидин или на некоја од состојките на препаратот (види „Ексципиенси“).

### ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Предупредете го Вашиот лекар ако:
- знаете или мислите дека сте алергични (преосетливи) на Hexoral® .

### ЗЕМАЊЕ НА ЛЕКОТ СО ХРАНА ИЛИ АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ

Hexoral®, растворот за усна слузница се применува секогаш после јадење.

### БРЕМЕНОСТ И ДОЕЊЕ

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*

Бременост

Не се спроведени контролирани студии на трудници. Меѓутоа, резултатите од истражувањата спроведени врз животни, како и теоретските резултати покажуваат занемарливо мала системска апсорпција, и упатуваат на тоа дека употребата на Hexoral во тек на бременост, не претставува ризик за фетусот.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Доење

Поради малата концентрација од лекот која може да се најде во системската циркулација на мајката, постои мала веројатност дека претставува ризик за доенчето.

**ЕФЕКТИ НА ЛЕКОТ ВРЗ УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО ИЛИ МАШИНИ**

Нема податоци дека heksetidin влијае на психофизичката способност во случај на управување со моторни возила или ракување со машини.

**ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ПОМОШНИТЕ МАТЕРИИ КОИ ГИ СОДРЖИ ЛЕКОТ HEXORAL®**

Лекот Hexoral® како една од помошните материи содржи боја amarant (E123), која може да предизвика алергиски реакции.

## УПОТРЕБА НА ДРУГИ ЛЕКОВИ

*Имајте во предвид дека овие информации можат да се однесуваат на лекови кои повеќе не ги употребувате, како и на лекови кои планирате да ги земате во иднина. Известете го Вашиот лекар или фармацевт во колку земате или до неодамна сте земале некој друг лек, вклучувајќи и лекови кои се издаваат без лекарски рецепт.*

**3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА HEXORAL®?**

*Секогаш применувајте го лекот според упатствата на Вашиот доктор. Доколку не сте сигурни повторно проверете со Вашиот доктор или фармацевт како да го применувате лекот.*

*Возрасни:*
Земете 1 голема лажица неразблажен раствор ( најмалку 15 ml раствор) и испирајте ја устата и грлото, во тек на половина минута. Внимание: Растворот немојте да го проголтате! Испирањето правете го два-три пати дневно (најдобро наутро и навечер), доколку лекарот не одреди поинаку. Лекот се применува секогаш после јадење. На заболеното место растворот може да се нанесе и со тампон од вата.

*Постари лица*
Дозирањето е исто како кај возрасни.

*Деца*
Над 6 години: исто како кај возрасни.
6 години и помлади: не се препорачува примена на Hexoral.

**АКО СТЕ ЗЕМАЛЕ ПОГОЛЕМА ДОЗА HEXORAL® ОТКОЛКУ ШТО ТРЕБА**

Доколку мислите дека сте земале поголема доза од лекот Hexoral од она што Ви е препорачано или некој друг има земено од Вашиот лек, веднаш обратете се кај Вашиот лекар, фармацевт или упатете се во најблиската здравствена установа!

**АКО СЕ ЗАБОРАВИЛЕ ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ HEXORAL®**

*Никогаш не земајте дупла доза за да ја надокнадите пропуштената доза на лекот!*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**ШТО СЕ СЛУЧУВА АКО НАГЛО ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГО ЗЕМАТЕ ЛЕКОТ HEXORAL ®**

Доколку нагло престанете да го земате лекот Hexoral®, нема да осетите никакви нагли промени.

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

*Како и сите лекови, и **HEXORAL®** може да има несакани дејства кај некои пациенти.*

*Доколку ги забележите следните симптоми, известете го Вашиот лекар или фармацевт:*

-блага иритација на усната слузница (печење или сувост во устата);
-лесни промени во густативниот осет (губиток на осетот за вкус или променет вкус);
-преодна анестезија (минлива неосетливост на болка во усната празнина)

Ова се благи несакани реакции на лекот Hexoral ®.

*Доколку забележите било какви симптоми кои би можеле да бидат несакани реакции од лекот Hexoral а не се спомнати во ова упатство, известете го Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА**

**ЧУВАЊЕ**
*Да се чува подалеку од дофат на деца!*
Да се чува на температура до 25 °C. Да не се замрзнува.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба што е наведено на кутијата.*

**НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОТ**
Лекот Hexoral® може да се издава во аптека и без лекарски рецепт.

**ПОСЕБНИ МЕРКИ НА УНИШТУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЕНИОТ ЛЕК ИЛИ ОСТАТОЦИ ОД ЛЕКОТ**
Неупотребениот лек се уништува во согласност со важечките прописи.

**ДАТУМ НА ПОСЛЕДНА РЕВИЗИЈА НА ВНАТРЕШНОТО УПАТСТВО**
Ноември, 2008 год.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ